## ВОВЕД

Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ) е формирано во 1999 год, а во 2001 год. е примено во Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженерство (ISSMGE). Покрај другите многубројни активности, во 2002 год. го одржа и својот Прв симпозиум, а охрабрени од заинтересираноста на стручната и научната јавност за областа на геотехниката, во 2006 год. го одржавме и II-от симпозиум. Оваа година, по иницијатива на ДГМ, а во соработка со ISSMGE, се организира меѓународен семинар за Еврокод 7 и геотехничките аспекти на Еврокод 8, на кој предавачи ќе бидат главните носители при развојот на овие стандарди.

## ЦЕЛИ НА СЕМИНАРОТ

Меѓународниот семинар на ДГМ се организира со цел членовите на Друштвото, но и на пошироката научна и стручна јавност во земјата и регионот да бидат информирани за основите, достигнувањата и примената на европските стандарди во областа на геотехниката. Заради тоа, повикани се меѓународни експерти за овие теми од мошне значаен интерес. Секако, семинаров би послужил и како можност за зближување на локалните и регионалните стручни лица. Од семинарот ќе бидат издадени печатен материјал и CD со предавањата за EC 7 и геотехничките аспекти на EC 8.

## СООПШТЕНИЕ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ

Предавањата на семинарот ќе се вршат на англиски јазик, со обезбеден симултан превод на македонски јазик. Со цел Организациониот одбор да стекне увид во можниот број на учесници, Ве молиме најдоцна до 17.10.2008 год. да извршите прелиминарна пријава за учество. Покрај работниот дел, во зависност од пројавениот интерес, може да се организира и посета на културно-историски споменици во градот и околината, а и други активности од интерес на учесниците, придружните членови и гости.

## КОТИЗАЦИЈА

Котизацијата за учество изнесува 50 евра. Учесниците од Македонија уплатата треба да ја извршат во денарска противвредност на жиро сметка 210-0527506701-51, на „Друштво за геотехника на Македонија“, со назнака „За меѓународен семинар“, даночен број 4030999440577, Тутунска банка – Скопје. За учесниците од странство, уплатата се врши преку Swift TUTN MK 22, IBAN MK07210300000229852. Со уплаќањето на котизацијата се обезбедува: печатен материјал, CD, коктел, кафе-паузи и свечена вечера. Котизацијата може да се уплати и на лице место, при регистрацијата. За студенти и придружни членови не е потребна уплата.

ISSMGE меѓународен семинар за Еврокодови 7&8
Струга, 29.10-1.11.2008

## СМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Семинарот ќе се одржи во периодот 29.10-1.11.2008 год., во хотелот Дрим во Струга, на брегот на Охридското езеро. Цената на еднодневен полн пансион во двокреветна соба е 1950 ден. (32 евра), а во еднокреветна соба 2550 ден (42 евра). Заради ограниченост на бројот на еднокреветните соби, Ве молиме што поскоро да извршите резервација на хотелското сместување на еден од следните контакти:

Хотел Дрим, Кеј Борис Кидрич бр.51, 6330 Струга;
hdrim@t-home.mk; www.drim.com.mk;
Skype ID: hotel.drim1;
тел.+389 46 785 800; факс +389 46 780 460.

## ПРЕВОЗ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Постои можност за организиран автобуски превоз на релација Скопје-хотел Дрим, и обратно, за што секој заинтересиран учесник треба да го извести организаторот најдоцна до 17.10.2008 год.

## ЕКСКУРЗИЈА

За 01.11. е планирана екскурзија до манастирскиот комплекс Св.Наум и изворот на реката Дрим, чија реализација зависи од заинтересираноста на учесниците и временските услови.

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

Проф.др Васил ВИТАНОВ, *претседател на ДГМ*

Проф.др Петар ЦВЕТАНОВСКИ, *декан на Градежниот факултет - Скопје*

Проф.др Михаил ГАРЕВСКИ, *директор на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје*

Жаклина СЕКОВСКА, *директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија*

Проф.др Милорад ЈОВАНОВСКИ, *продекан на Градежниот факултет - Скопје*

Проф.др Љупчо ДИМИТРИЕВСКИ, *Градежен факултет - Скопје*

Проф.др Влатко ШЕШОВ, *Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје*

Проф.др Спасен ЃОРЃЕВСКИ, *Градежен факултет - Скопје*

М-р Јован Бр. ПАПИЌ, *Градежен факултет - Скопје*

М-р Јосиф ЈОСИФОВСКИ, *Градежен факултет - Скопје*

Маја ПЕТРОВСКА, *Геотехнички инженеринг - Скопје*

Христо ЃОРЃЕВСКИ, *Геоинг - Скопје*

## МАРКЕТИНШКИ АКТИВНОСТИ

Во склоп на предвидените активности, учесниците или фирмите може да ги презентираат своите активности или производи на постер или изложба на рекламен штанд. За подетални информации и прашања, сите заинтересирани субјекти може да го контактираат организаторот.

ДГМ MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

## КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

За сите пријави и информации во врска со семинарот, учесниците да се обратат на Јован Бр. Папиќ:

papic@gf.ukim.edu.mk

тел:+389 2 3116 328/лок.139; факс:+389 2 311 88 34

Градежен факултет – Скопје, бул.Партизански одреди бр.24, 1000 Скопје, Македонија;

www.mag.gf.ukim.edu.mk

**ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!**

## ПРОГРАМА

*Среда, 29 октомври*

| | |
|---|---|
| 16.00 | Заминување од Скопје (пристигнување во Струга во 19.00 ч.) |
| 19.00-20.30 | Регистрација |
| 20.30-24.00 | Вечера |

*Четврток, 30 октомври*

| | |
|---|---|
| 08.00-09.30 | Регистрација |
| 09.30-10.10 | Свечено отворање – проф. Педро Секо ПИНТО, проф. Роже ФРАНК, проф. Васил ВИТАНОВ |
| 10.00-10.30 | Коктел |
| 10.30-11.30 | Општа презентација на ЕС 7 – проф. Роже ФРАНК (Франција), потпретседател на ISSMGE за Европа, поранешен претседавач на Европскиот комитет за ЕС 7 |
| 11.30-11.50 | Дискусија |
| 11.50-12.20 | Примена на ЕС 7 во Европа – др Бернд ШУПЕНЕР (Германија), претседавач на Европскиот комитет за ЕС 7 |
| 12.20-12.40 | Дискусија |
| 12.40-16.00 | Ручек и слободно време |
| 16.00-17.00 | Проектирање на темели самци и проектирање според критериум за хидрауличен лом согласно ЕС 7 – др Тревор ОР (Ирска), претседавач на ISSMGE/Европски технички комитет 10 „Евалуација на ЕС 7“ |
| 17.00-17.30 | Проектирање на колов темел според ЕС 7 – проф. Роже ФРАНК (Франција) |
| 17.30-17.50 | Дискусија |
| 17.50-18.10 | Кафе-пауза |
| 18.10-19.10 | Геотехнички аспекти на ЕС 8 – проф. Педро Симао Секо е ПИНТО (Португалија), претседател на ISSMGE |
| 19.10-19.30 | Дискусија |
| 20.30-24.00 | Вечера |

*Петок, 31 октомври*

| | |
|---|---|
| 09.00-10.00 | Придонесот на ЕС 7 во потпорните ѕидови – др Брајан СИМПСОН (Обединето Кралство), поранешен потпретседавач на Европскиот комитет за ЕС 7 |
| 10.00-10.20 | Дискусија |
| 10.20-10.40 | Кафе-пауза |
| 10.40-11.30 | Примена на ЕС 8 во Македонија – вонр.проф. Влатко ШЕШОВ (Македонија), член на Националниот технички комитет 30, работна гр. 7 |
| 11.30-11.50 | Дискусија |
| 11.50-15.00 | Ручек и слободно време |
| 15.00-16.00 | Европски геотехнички стандарди – др Бернд ШУПЕНЕР (Германија) |
| 16.00-16.20 | Дискусија |
| 16.20-16.40 | Кафе-пауза |
| 16.40-18.10 | Презентација и дискусија на Националните анекси на Франција, Германија, Ирска, Португалија и Обединетото Кралство – проф. Роже ФРАНК (Франција) |
| 18.10-18.40 | Свечено затворање – проф. Педро Секо ПИНТО, проф. Роже ФРАНК, проф. Васил ВИТАНОВ |
| 20.30-24.00 | Вечера |

*Сабота, 01 ноември*

| | |
|---|---|
| 09.30-13.00 | Екскурзија |
| 13.00-15.00 | Ручек |
| 15.00 | Заминување (пристигнување во Скопје во 18.00 ч.) |

ISSMGE меѓународен семинар за Еврокодови 7&8
Струга, 29.10-1.11.2008

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

ISSMGE International Society for Soil Mechanics and Geotechnical Engineering
Société Internationale de Mécanique des Sols et de la Géotechnique

**Меѓународен семинар**

# ЕВРОКОД 7
# и геотехничките аспекти на
# ЕВРОКОД 8



**Хотел Дрим, Струга**
**29.10-1.11.2008 год.**